NEW SOUTH WALES
DEPARTMENT
OF EDUCATION
AND TRAINING

# Поаѓање на училиште со насмевка
# Starting School with a Smile

## Што можат да прават децата, родителите и наставниците заедно за да се подготват за поаѓање на училиште
## *Things children, parents and teachers can do together to prepare for school*

**КАКО ДА ДОЗНАЕТЕ ЗА ПОАЃАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕ:**

Секоја година, школската година започнува на крајот од јануари, или во почетокот на февруари.

Следните работи се важни за вас, родителите:

- Да се јавите во училиштето каде што вашето дете ќе посетува настава.
- Да го запишете детето пред да започне новата школска година.
- Да дознаете во кој ден вашето дете ќе почне да оди на училиште.
- Да присуствувате на информативната средба во училиштето.
- Да се информирате за школската униформа.
- Да се сретнете со наставниците во училиштето.
- Да дознаете дали во училиштето има наставници кои предаваат јазици кои се зборуваат во заедницата и да се запознаете со нив.

**КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИТЕ**

**Децата** се чувствуваат подобро во врска со поаѓањето на училиште кога:

- Познаваат други деца кои поаѓаат на училиште.
- Го познаваат нивниот наставник.
- Го познаваат наставникот кој предава јазик кој се зборува во заедницата.
- Нивните родители го познаваат наставникот.
- Ги гледаат родителите како разговараат со нивниот наставник.
- Нивните родители познаваат други семејства од училиште.

**Родителите** се чувствуваат пријатно кога тие:

- Познаваат други семејства чии деца почнуваат да одат на училиште.
- Знаат што се случува на училиште.
- Знаат што учат децата.

## РАБОТИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ПРАВАТ РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА

- Да вежбаат некои зборови на англиски јазик – како децата да побараат нешто и на кои начини можат да побараат помош.
- Да зборуваат за тоа како е да се оди на училиште и зошто децата одат на училиште.
- Да се среќаваат со родители и деца кои го знаат училиштето.
- Заедно да го посетат училиштето.
- Да разговараат со наставниците на училиште.
- Да најдат кутија за ручек и други кутии за храна кои лесно се отвораат.
- Да разговараат за јадење на училиште: кога и што да јадат и да враќаат дома тоа што не го изеле на училиште.
- Да разговараат како училиштето се разликува од домот.
- Да зборуваат за тоа кога родителите ќе ги земаат децата од училиште.
- Да зборуваат и да ги подучуваат децата за хигиената на училиште.

## ИСТО ТАКА, РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА МОЖАТ:

- Да уживаат заедно во читање.
- Да играат со моливи, мрсни боички и хартија.
- Да продолжат да уживаат во разговори на други јазици, не на англиски.
- Да посетуваат библиотеки, паркови и други јавни места.
- Да одат во јавни клозети и да зборуваат за тоа како се користат клозетите на училиште.
- Да уживаат во промените кои ќе се случуваат кога децата ќе почнат да одат на училиште.
- Да ја поделат возбудата заради поаѓање на училиште.

## КАКО ДА РАБОТИТЕ ЗАЕДНО

Родителите се првите учители на децата.

Децата учат многу работи од нивните родители.

Родителите никогаш не престануваат да им бидат учители на нивните деца.

Наставниците и родителите можат заедно да работат на тоа да направат училиштето да биде возбудливо место и да им помогнат на децата да ги постигнуваат најдобрите резултати што можат на училиште.

All content copyright
NSW Department of Education and Training
© 2003